Зарази



# Вошки на главата (педикулис)

## Важни работи

- Вошките на главата се најчести кај децата на училишна возраст. Не се вообичаени кај бебињата
- Вошките тешко се гледаат, но може да се видат нивните гниди закачени за влакната
- Лосионите или шампоните против вошки треба да се користат според упатството и нивната употреба да се повтори по една недела
- На косата може да се стави омекнувач за коса, со што ќе биде полесно да се отстранат гнидите и вошките со чешел против вошки
- Омекнувачот за коса и чешелот против вошки треба да се користат се додека на влакната може да се видат гниди
- Сите членови на семејството треба да се лекуваат за да се спречи натамошното заразување на фамилијата
- Не треба да се користат исти чешли, четки, шапки и ленти за коса со други лица

### Што се тие?

Вошките на главата се инсекти без крила што предизвикуваат состојба на јадеж на кожата на главата под косата. Тие се хранат со човечка крв и живеат и несат јајца (гниди) на влакната од косата на темето и тилот и зад ушите. Повеќето луѓе стануваат алергични на вошките и на нивните гниди и тоа предизвикува јадеж. Чешањето доведува кожата да се воспали (да стане црвена, модра или кафеава), со лупење и создавање на крастички.

Сите луѓе не стануваат алергични на вошките, и таквите луѓе може да имаат вошки на главата, но да немаат јадеж ниту пак било каков друг знак за нивното присуство.

Вошките најчесто се јавуваат кај деца што одат на училиште, во забавиште или во детска градинка. Тие ретко се среќаваат кај бебиња. Се утврдува дека детето има вошки ако се најдат или вошки или нивните јајца закачени на влакната во близина на коренот. За разлика од првутот, гнидите не може да се отстранат со нормален чешел.

Вошките живеат на кожата на главата под косата, а јајцата ги несат на влакната од косата. Вошките се големи отприлика колку глава од топувче, а повеќето луѓе имаат само 8-10 вошки на главата, така што тие можеби тешко можат да бидат видени. Од друга страна, може да има стотици јајца (гниди) прицврстени за влакната на косата, и тие може полесно да се најдат. Вошките се пренесуваат од едно лице на друго преку допирот на глава до глава или преку користењето на исти шапки. Вошките не можат да живеат подолго од неколку минути надвор од човековото тело.

## Како може да се спречи нивната појава?

Сите заразени членови на семејството треба да се лекуваат за да се спречи натамошната инфекција во рамките на семејството. Тие не треба да користат исти чешли, четки или делови од облеката што се носат на главата. Четките и чешлите треба да се мијат со многу жешка вода и внимателно да се исушат.

## Како се лекуваат?

Производите против вошки треба да се користат само ако можете да видите вошка или гнида во косата на детето. За да проверите дали има вошки, можете да употребите нормален омекнувач за коса и чешел против вошки, метод кој исто така може да биде употребен и како лекување.

За да го спроведете лекувањето на овој начин, со помош на чешел против вошки исчешлајте го омекнувачот за коса низ сувата коса, од кожата на главата кон врвовите на влакната. Чешлајте ја косата дел по дел, бришејќи го омекнувачот од чешелот за да ги отстраните сите вошки и гниди. Секој дел од косата треба да се прочешла најмалку 5 пати. Исплакнете ја целата глава со топла вода кога на чешелот веќе не можете да видите повеќе вошки или гниди. Проблемот може пак да се јави ако во косата останат неколку јајца. Детето секоја недела треба да се проверува на овој начин.

Постојат голем број лосиони и шампони против вошки што може да се набават во аптеките. Сите тие не се погодни за мали деца или за бремени жени, па затоа проверете внимателно со аптекарот. Тие препарати може да бидат ефикасни кога се користат според наведените упатства. За лекување обично се потребни две употреби на препаратот на растојание од седум дена за да се отстранат сите вошки и гниди од косата.

Главата може да продолжи да чеша уште цела недела откако биле отстранети вошките. Поради чешањето, кожата може да се инфицира, да се лупи, жлездите да потечат и да се јави блага треска. Ако се случи нешто такво, појдете кај вашиот семеен лекар.

Сепак е важно секоја недела да го проверувате детето користејќи го начинот "омекнувач и чешел" во текот на 2-3 недели, откако сте користеле средство за уништување на инсекти, за да се осигурате дека лекувањето било успешно.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.